**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 алинеја 6, член 68 став 2 и член 69 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 158/2010) и член 103 став 2 алинеја 2 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи

1. Со оваа одлука се пропишува Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст: „Методологија").

Методологијата е во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

2. Банките се должни да ги водат трговските книги, деловната и сметководствената документација и да ги подготвуваат финансиските извештаи согласно со Методологијата.

3. Банките се должни да го усогласат водењето на трговските книги со Методологијата најдоцна до 1 јануари 2011 година.

4. Одредбите од оваа одлука се применуваат и на филијалите на странските банки и на штедилниците во Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2011 година.

6. Со отпочнувањето на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи („Службен весник на РМ" бр. 118/07).

**О. бр.02-15/XVI-1/2010**
**23.12.2010 година**
**Скопје**

**Гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**м-р Петар Гошев**